Врз основа на член 22 и 23 од Законот за работните односи ( („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23)), Општината Охрид објавува:

# Ј А В Е Н О Г Л А С
за вработување работник

**1.**
**- реден број, шифра и**
**назив на работно место:** УПР0403А02001 **Возач на моторно возило**

**- број на извршители:** 1 извршител
**- назив на одделение:** Одделение за административно техничка поддршка
**- назив на сектор**: Сектор за општи работи
**- стручни квалификации**: ниво на квалификациите V A или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно стручно образование или средно гимназиско образование.
**- работно искуство**: најмалку три (3) години работно искуство во струката

**Општи услови:**
- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- да е полнолетен,
- активно да го користи македонскиот јазик
- да има општа здравствена состојба и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни работни компетенции:** Положен возачки испит за „Б„ или „Ц“ категорија

- Неделното работно време е од понеделник до петок, 40 работни часа неделно, односно 8 (осум) работни часа дневно, работно време од 08 до 16 часот;
- Нето платата од 22.704,00 денари.

**Кон пријавата кандидатите е потребно да достават: кратка биографија и докази за исполнување на општите и посебните услови за работното место.**

Заинтересираните кандидати задолжителните докази ги доставуваат во оригинал или заверен препис.

**Напомена:** Според Годишниот план за вработување на општина Охрид за 2023 година и Балансерот на годишниот план за вработување за 2023 година, работните места се предвидени за националност: македонец(ка).

**Рокот за доставување на пријавите изнесува 3 (три) работни дена сметано од денот на објавување на огласот.**

Изборот за огласените работни места ќе се изврши во рок од 10 ( десет) работни дена сметано од денот на истекот на рокот за пријавување.

Ненавремените и некомплетните пријави нема да бидат земени за разгледување.

**Пријавите со потребната документација треба да се доставаат на адреса: Општина Охрид ул. Димитар Влахов бр.57 Охрид ( со назнака "за оглас" )**.

Лице за контакт: Лидија Грданоска, раководител на Одделение за човечки ресурси
Телефон за контакт: 071 396 635

ОПШТИНА ОХРИД
Градоначалник
Кирил Пецаков